ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Ул. Македонија бр. 25, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100

www.crm.com.mk

**СКОПЈЕ**
**Број, 04-542/16**
**12.05.2025 година**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија", бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 99/22 и 208/24), конечна Ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас број 68 /2025 на Агенција за администрација број 10-528/7 од 09.05.2025 година, Директорот на Централен регистар на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**

**за избор на 1 (еден) извршител - по пат на јавен оглас**

1. За извршител на работното место Самостоен референт за регистрација во РРК Скопје, Регионална регистрациона канцеларија Скопје, 1 (еден) извршител, категорија Г, ниво Г02, и шифра на работно место ЦРМ/01/01/Г02/002, во Централен регистар на РСМ се избира;

-Тамара Трајковиќ, со идентификациски код 4387D42

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа Одлука, по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Централниот регистар на РСМ, преку Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 68/2025 за вработување на административен службеник во Централен регистар, а кој оглас е објавен на ден 27.03.2025 година во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Коха", за работното место Самостоен референт за регистрација во РРК Скопје, Регионална регистрациона канцеларија Скопје со шифра ЦРМ/01/01/Г02/002.

Комисијата за селекција на кандидати за вработување формирана со Решение на Агенцијата за администрација број 10-528/3 од 01.04.2025 година , во

функција на спроведување на постапката за вработување на административен службеник за извршување на работите на работното место Самостоен референт за регистрација во РРК Скопје, спроведе постапка за селекција за вработување за горенаведеното работно место.

По спроведената постапка за административна селекција, испитот за административен службеник и проверката на веродостојноста на докази и интервју, Комисијата изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со Предлог за вработување на кандидати за секое објавено работно место по јавен оглас број 68/2025, врз основа на што Директорот на Централен регистар на РСМ за работното место Самостоен референт за регистрација во РРК Скопје , со шифра ЦРМ/01/01/Г02/002, изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуките на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација .

Доставено до:
- Именуваниот;
- Агенцијата за администрација;
- Одделение за човечки ресурси;
- Архива на директор,

Изработил: Маријана Ацевска Васева
Одобрил: Венера Војноска

**Директор,**
д-р. Анита Стамнова

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
REGJISTRI QENDROR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT SHKUP